Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-259/7
11-04-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08–259/1 од 19.02.2024 година, поднесена од лицата [redacted] сите од Скопје, сите со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на домувањето, од страна на лицето Венцо Митев од Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–259/1 од 19.02.2024 година, поднесена од лицата [redacted], сите од Скопје, сите со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, **ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

### О б р а з л о ж е н и е

На 19.02.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицата [redacted], сите од Скопје, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на домувањето, од страна на лицето [redacted] од Скопје.

Во претставката подносителите наведуваат дека потенцијалниот дискриминатор, лицето [redacted] од Скопје, на ден 03.02.2024 година и на 17.02.2023 година се обратил кон подносителите со вулгарни и навредливи зборови, и тоа: "Влав, да те ....", "Ќе ти го ставам крстот...", "м...а да ти ја ... влашка...", "..го гледам влаот, крв му.... влашка...", итн. Посочуваат дека истото го правел во неколку наврати, со закани, омаловажување, дискредитација и слично. Според нив, со оглед на наведеното била извршена директна дискриминација и вознемирување онака како е предвидено со Закон за спречување и заштита од дискриминација. Воедно во претставката се наведува дека заради наведените настани како и заради ваквото долготрајно поведение на потенцијалниот дискриминатор, истиот е пријавен околу 20тина пати во Полициската станица од општа надлежност Кисела Вода. Кон претставката подносителите доставија и видео записи од спорните настани од кои е евидентно постапувањето на потенцијалниот дискриминатор.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Од наводите во претставката, како и од увидот во доставениот видео материјал Комисијата утврди дека нема надлежност за постапување по конкретното прашање согласно нејзините утврдени надлежности со член 21 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација.

Имено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај, дел од дејствијата наведени во претставката имаат обележја на прекршок и за истите се постапува согласно Закон за прекршоците против јавниот ред и мир, а дел од нив се со обележја на кривично дело, па следствено Комисијата ги упатува подносителите да побараат и остварат заштита на своите права во постапка пред надлежните правосудни органи. Во врска пак со постапувањето на полициските службеници по пријавите за наведените настани, Комисијата ги упатува подносителите да побараат заштита на нивните права пред Одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Согласно изнесеното, се одлучи како во диспозитивнот на овој заклучок.

Скопје
02.04.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk